Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 26.08.2023

На 25.08.2023 во 20.40 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници е лишен од слобода М.И.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2023 во 22.55 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници е лишен од слобода В.С.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.08.2023 во 01.20 часот во угостителски објект на подрачје на Карпош од полициски службеници е лишен од слобода Ј.Л.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2023 во 23.30 часот во близина на бензинска станица во Струга од полициски службеници е приведен Л.Л.(31) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.08.2023 во 00.45 часот во Битола од полициски службеници е лишен од слобода Д.П.(33) од с. Долно Оризари, битолско затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2023 во 07,40 часот во Струмица на крстосницата од ул. „Ленинова" и ул. „Браќа Миладинови", патничко моторно возило „цитроен" со струмички регистарски ознаки, управувано од Ѓ.С.(68) од с.Дабиље, струмичко удрило во Д.Х.(74) од с.Василево, струмичко. Д.Х. била пренесена во Медицински центар-Струмица, каде од лекар и била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Струмица.

На 25.08.2023 во 20,45 часот на граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници е лишен од слобода Н.Н.(45) од Р.Албанија затоа што по извршена пасошка контрола е констатирано дека истиот во службената евиденција евидира со мерка „Алси" издадена од Секторот за меѓународна полициска соработка - Интерпол при МВР. Исто така Н.Н. физички нападнал полициски службеници при вршењето на службените дејствија. Лицето е предадено на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 25.08.2023 во 15.45 часот на подрачје на Центар од полициски службеници е лишен од слобода К.Т.(24) затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2023 во 11.40 часот во Полициска станица Аеродром Д.Д.(53) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 25.08.2023 во 18.00 часот во Полициска станица Ѓорче Петров А.Г.(65) од Скопје пријавил дека на ул. „Гуро Салај" бил каснат од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 263 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 99 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се три мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, 15 санкции за користење на мобилен телефон при возење, три мерки за некорректење на сигурносен појас....

Денес (26.08.2023) во времето од 00.30 до 03.00 часот на место викано „Слобода" на магистрален пат А4 Струмица-Радовиш, полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Струмица запреле комбе „мерцедес" со струмички регистарски ознаки, управувано од А.С. (20) од село Радово, струмичко, комбе „форд" со струмички регистарски ознаки, управувано од П.А. (50) од село Пиперево, струмичко и комбе „мерцедес" со струмички регистарски ознаки, управувано од А.Ј. (22) од Радовиш. При контрола било утврдено дека лицата со возилата вршеле јавен превоз, без да поседуваат соодветна документација. По целосно документирање на случајите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Во текот на изминатата вечер (25/26.08.2023) на подрачјето на Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 11 возачи .За време на контролата биле санкционирани и други видови прекршоци.

На 26.08.2023 во 00.18 часот во СВР Штип О.Л.(41) од Винница пријавил дека пред продавница во с. Пеклани, винничко по претходна расправија бил физички нападнат од О.Т. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2023 во 05,25 часот во Полициска станица Берово Д.К.(23) од Берово пријавил дека околу 01,30 часот пред угостителски објект во Берово по претходна расправија бил физички нападнат со тврд предмет од В.С., Д.Р. од с.Владимирово и Л.Р. од Берово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 16.40 часот во ОВР Кавадарци е пријавено дека во Општа болница Кавадарци е донесен повреден Г.Г.(52) од Скопје кој според пријавеното се повредил при извршување на работни задачи во фабрика во Кавадарци, по што од лекар му е констатирана тешка телесна повреда.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 околу 14.25 часот постапувајќи по добиена пријава, во стан во Куманово полициски службеници ги пронашле починати Е.А.Ј. (40) од Куманово и нејзината најка П.Н., кои претходно со нож ги убил Д.Ј. (46) од Куманово (сопруг на Е.А.Ј.) Потоа Д.Ј. си нанел повреди и себеси и скокнал од прозорецот. Д.Ј. е пренесен во болницата во Куманово, каде починал. Од страна на јавен обвинител и екипа на СВР Куманово се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 19,00 часот во СВР Скопје е пријавено дека во близина на угостителски објект на подрачје на Карпош настанал пожар во кој дине опожарени два контејнери, а било зафатено и паркирано патничко моторно возило „форд" со скопско регистарски ознаки, сопственост на Б.Б. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје.

На 25.08.2023 околу 15.50 часот во СВР Скопје е добиена пријава дека во гаражите на трговски центар во Скопје едно лице кое било со патничко возило „ауди", пукало кон Р.Т. (39) од Скопје, но не го погодило. Во возилото „ауди", според пријавеното, имало уште едно лице. Поредени лица нема. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 20.50 часот на магистрален пат А2 Кичево- Охрид кај с. Подвис од полициски службеници е лишен од слобода А.А.(32) од с.Срѓјани, кичевско затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2023 во 20,50 часот во СВР Охрид е пријавено дека во Охрид А.Ш.(47) од Охрид бил физички нападнат од Г.Б.(35) и З.И.(42) двајцата од Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2023 во 02.05 часот во Полициска станица Охрид З.К.(31) од Охрид пријавил дека на 25.08.2023 околу 22,15 часот во близина на бензинска станица во Охрид бил физички нападнат од Р.Н. од Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 20.00 часот во Полициска станица Штип Ј.У. пријавил дека на 24.08.2023 околу 22.30 часот на паркинг просторот од бензинска пумпа во с.Таринци, општина Карбинци бил физички нападнат од Е.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 22.30 часот во Полициска станица Гази Баба е пријавено дека од СОС Детско село се оддалечила нивната штитеничка Р.И.(17) од Скопје, која и претходно се оддалечувала. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.08.2023 во 15.30 часот во Полициско одделение Мирковци, Ф.Ф.(65) од Скопје пријавил дека на 23.08.2023 околу 17.00 часот во атар на с.Блаце на место викано „Топола" настанал пожар во кој му дине опожарени неколку пчелни сандаци, дрва и дрвена столарија. Пожарот е изгаснат.

На 25.08.2023 во 22.43 часот во Полициска станица Кисела Вода С.С.(49) од Скопје пријавил дека на подрачје на Кисела Вода бил физички нападнат од неговиот сосед В.Н. (52) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2023 во 09.25 часот во Полициска станица Чаир М.А.(73) од Скопје пријавил дека на ул.„Киро Димушков" бил каснат од куче скитник.

На 25.08.2023 во 23.30 часот во Полициска станица Куманово Б.С.(68) од Куманово пријавил дека околу 19.30 часот во Куманово бил физички нападнат со тврд предмет од неговиот сосед И.М.(41) од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 11.45 часот во СВР Охрид е пријавено дека во с.Горно Лакочереј, охридско по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.С.(35) и Љ.С.(60) од една страна и К.П.(57) од друга страна, сите од с.Горно Лакочереј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 20.30 часот во ОВР Струга А.С.(44) од с.Љуботен, скопско пријавил дека околу 19.00 часот на плажа во Струга тој заедно со негов роднина А.Н. и нивните деца, по претходно недоразбирање, биле физички нападнати со тврд и остар предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 18.30 часот во Полициска станица Тетово Г.З.(40) од Тетово пријавил дека околу 18.00 часот во Тетово неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 13.40 часот во Тетово од полициски службеници се приведени Б.А. (38), М.Д.(41) и еден малолетник, сите од тетовско, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.08.2023 во 01,10 часот во Полициска станица Тетово М.С.(45) од с.Џепчиште пријавил дека околу 00,05 часот во Тетово бил физички нападнат од неговата познаничка С.И.(женско лице). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2023 во 04.40 часот во Гостивар од полициски службеници е приведен М.А.(29) од с.Форино затоа што според пријавеното околу 04.00 часот во Гостивар, по претходно недоразбирање, пријавениот заедно со уште едно лице физички го нападнале С.П.(53) од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.08.2023 во 01,30 часот во Штип од полициски службеници во СВР Штип е повикан малолетник од Штип, затоа што според пријавеното на 25.06.2023 околу 20.00 часот во парк во Штип допирал по телото малолетничка од Штип, која потоа била физички нападнат од другар на малолетникот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 во 15.15 часот во Тетово од полициски службеници е лишен од слобода Ј.К.(45) од с.Мерово, тетовско затоа што според пријавеното околу 14.30 часот во Тетово физички ја нападнал неговата партнерка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.08.2023 во 20.40 часот во Полициска станица Струмица У.М.(20) од с.Василево пријавила дека околу 20.00 часот во с.Василево поради претходно недоразбирање била физички нападната од нејзината сосетка Г.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.